**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-83/4**
**Скопје, 18.04.2024 година**

Записник од сто и втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 18.04.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин м-р Башким Бесими член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и втората седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 101та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Доесување на одлука за формирање на Комисија за разгледување на дисциплински предмет СОЖ бр.4/24.
3. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Љубинка Угриновска.
4. Разно

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 101-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека по предметот СОЖ бр.1/24 била доставена жалба и од тие причини Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија за разгледување на дисциплинскиот предмет, кој веќе бил на разгледување во Советот, истиот од страна на Советот бил вратен до Дисциплинската комисија при Јавното обвинителство на

РСМ и по поднесената жалба од страна на јавниот обвинител повторно е вратена во Советот на разгледување. Воедно за членови на Комисијата ги предложи г-ѓа Кети Петкова за Претседател на комисијата, г-ѓа Јелена Догазанска Колева за член и г-ѓа Светлана Жупаноска за член. Воедно укажа на податокот дека предметите кои се доставуваат по жалба во Советот се несредени, без податоци што се доставува без никаква хронологија. Смета дека ова треба да му се укаже на Јавниот обвинител на РСМ, за во иднина предметите се доставуваат со попис на списите. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Иџет Мемети кој кажа дека во тогашната комисија била составена од следните членови Иџет Мемети, г-ѓа Фиданка Рајевска и г-дин Влатко Георгиевски. Кажа дека имало два предмети и дека истите биле вратени поради технички процесни грешки. Воедно даде и појаснување околу постепувањето по овие предмети. Се согласи со предлогот на претседателот на Советот по однос на составот на комисијата, но воедно предложи, предметот да биде поделен на сите членови на Советот на запознавање, по што Советот ќе донесе конечна одлука по овој предмет. Во поглед на достсвата на предметоите се сложи со забелешката искажана од страна на претседателот на Советот, но кажа дека овој случај не е изолиран, туку овои проблеми се провлекуваат со години без исклучок на тежината на предметите.

Г-дин Ермон Незири кажа дека има Правилник за дисциплински постапка и дека истиот треба да се применува во вакви постапки.

Откако никој не зема збор предлогот на Претседателот на Советот за составот на Комисијата која ќе постапува по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.1/24 беше едногласно прифатен од страна на членовите на Советот. Во однос на дисциплинкиот предмет СОЖ бр.1/24 беше одлучено истиот да се врати до Дисциплкинската комисија при ЈОРСМ, а со цел да се изврши попис на списите на предметод и истите бидат хронолошки средени,а потоа да се достават на Советот на понатамошно постапување.

Под точка три од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на ден 07.05.2024 година, јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-ѓа Љубинка Угриновска со навршување на 64 години возраст ги исполнува условите за староснa пензија, со што законки Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје г-ѓа Љубинка Угриновска заклучно со 07.05.2024 година.**

Под точка разно од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот, дека Советот има планирани набавки кои биле пред распишувањето на

претседателките и парламентарните избори, а се однесува на договор за интернет услуги.

Отткако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и втората седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
**Генерален Секретар**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**